СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1448/1
13. 11 2018 год
СКОПЈЕ

**Записник на продолжение на изборно-конститутивна сендица одржана на 03.07.2018**

На продолжението на изборно-конститутивна седница која се одржа на 03.07.2018 година присуствуваа, од самиот почеток 38, а по некое време дојде уште еден делегат – односно 39 делегати на Собранието. Оправдано најавиле отсуство осум делегати.

На почетокот од седницата, претседателот на Собранието, д-р Оливер Манасиев, по утврдување на кворум кој е потребен за работа и пред да продолжи изборната седница ги информираше присутните бидејќи на претходната седницата имало излези –влези на делегатите дека со 25 гласа „ за„ биле избрани замениците на претседателот на Комората, д-р. Коста Изов и д-р. Ќенан Ферати, како и по утврден кворум од 25 присутни делегати со 24 гласа „за„ и со присуство на еден делегат кој не си го искористи правото на глас се избра и Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија.

Д-р. Манасиев предложи дека по наведеното се констатира дека согласно член 19 став 3 од Статутот на СКМ и член 20 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионални одбори, каде е наведено дека делегати на Собрание по функција се претседател на Комора и заменици на претседателот на Комората, избраните заменици на претседателот, како и претседателот на Комора, по нивниот избор на тие функции стануваат делегати на Собрание на СКМ по функција.

Согласно член 19 став 5 од Статутот на СКМ, кој гласи:"Собранието го сочинуваат делегати чиј број не е повиеќе од 50, невклучувајќи ги претседателот на Комората и неговите заменици кои се делегати по функција" произлегува потребата од пополнување на испразнетите места со нови делегати кои ќе се делегираат како претставници од нивните региопнални одбори и согласно член 59 од Правилникот за избори и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати во Собранието и претседател на Комора "...за нов делегат стапува следниот член од регионалниот одбор кој имал најголем број на гласови од последните одржани избори".

Со претходно наведеното, претседателот на СКМ, д-р Маријан Денковски, и неговиот заменик, д-р Коста Изов- од РО Куманово и РО Струмица, согледувајќи го и Извештајот за конечните резултати на ЦИК, одредбите од Статутот на СКМ и Правилникот за избори и отповикување, определувањето за овие региони е согласно член 59 став 1 и став 3 од Правилникот за изнбори и отповикување на членови во РО, делегати на Собрание и претседател на СКМ.

Што се однесува пак за замeникот на претседателот на СКМ д-р Ферати, пополнувањето на членот од РО Тетово е согласно член 59 став 1 и став 4 од Правилникот за изнбори и отповикување на членови во РО, делегати на Собрание и претседател на СКМ,и за процедурата дополнително ќе се произнесе ЦИК.

Согласно ова, Др Манасиев ја задолжи верификационата комисија да изврши увид во извештајот на ЦИК согласно Деловник за работа на Собрание на Комората и да даде предлог за верификација на мандатите на делегатите од РО Куманово и РО Струмица на Собранието и даде 10 минути пауза да може Верификационата комисија да изврши увид и да даде извештај.
По ова информација на Др Манасиев Др Наташа Петреска побара процедурално збор и истакна дека именување на нови делегати во Собранието не е на дневен ред на седницата и дека оваа точка требало да биде на дневен ред на претходната седница, по што Др Манасиев одговори дека е точно , односно може требало , може и било кажано , но поради напуштање на седницава на делегативе кои излегоа немало кворум и затоа се продолжува со оваа констатација денеска кога има кворум за работа.
По ова Др Драган Китановски побара и тоа да стане точка на дневен ред и праша зошто не се именува нов делегат од РО Тетово ако се знае дека едниот заменик на претседателот на Комората е од тој регион.

Претседателот на Собранието, д-р Оливер Манасиев, објасни дека во РО Тетово има различна состојба бидејќи во другите два региона има членови на РО кои ги пополнуваат празните места , додека РО Тетово сите членови на РО се веќе делагати и согласно Статут и Правилник за овој регион ќе се очекува мислење и одлука на ЦИК за можни варијанти за назнчување на нов член на Собранието и дека тоа е причината за именување на само двајца делегати од регионите РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село и РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково , а не и за РО Тетово наместо замeникот пресeдател Др Ќенан Ферати. По ова објаснување Др Манасиев го стави предлогот на гласање и од присутни во моментот 38 члена на Собранието, со 25 гласа “за”, 9 против и двајца воздржани, беше изгласана точката на деневниот ред.

По ова претседателот на Собранието ја задолжи Верификационата комисија да изврши увид во извештајот на ЦИК согласно Деловникот за работа на Собранието на Комората да даде предлог за верификација на мандатите на делегатите од РО Струмица, Василево, Босилово и Ново

Село и РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково , поради што даде 10 минути пауза да може Верификационата комисија да изврши увид и поднесе извештј пред Собранието.

По десетминутната пауза претседателот на Веификационата комисија, д-р Спасенија Ѓоргиевска зеде збор и во името на Комисијата поднесе извештај дека на местотот на д-р Маријан Денковски од РО Куманово, како втор на листата со најмногу добиено гласови е д-р Снежана Стојмановска, а во РО Струмица на листата по др Коста Изов со најмногу добиени гласови е д-р Марија Оџакова Тилева.Предлогот за верификација на двајца нови делегати на Собранието на Комората беше ставено на гласање и со 27 гласови "за", 8 против и 3-ца воздржани, беше изгласано, по што новите делегати на највисокиот орган на СКМ дадоа свечена изјава.

*Врз основа на член 19 став 3 и 5 од Статутот на СКМ и согласно член 20 и 59 став 1 и 3 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собрание и претседател на СКМ и Извештајот на ЦИК за конечните резултати од изборите за членови на РО и делегати на Собранието на СКМ одржани на 23.03.2018 и од прегласувањето на 31.03.2018 година,Собранието на Стоматолошка комора на Македонија,на седницата одржана на 03.07.2018 година донесе*

*ОДЛУКА*

*(За именување на делегати од РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село и РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково)*

*Член 1*

*На местотот од д-р Маријан Денковски од РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково, кој останува делегат на Собранието на Комората како следен на листата со најмногу добиено гласови на последните спроведени избори во Комората е д-р Снежана Стојмановска која станува делегат во Собранието на Комората од РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково*

*Член 2*

*На местотот од д-р Коста Изов од РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село, кој останува делегат по функција во Собранието на Коомората како следен на листата со најмногу добиено гласови на последните спроведени избори во Комората е д-р Марија Оцакова Тилева која станува делегат во Собранието на Комората од РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село.*

*Член 3*

*Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

По давањето на свечена изјава на новите делегати председателот на Собранието продложи со седницата со следната точка на дневниот ред и даде збор на Претседателот на Комората кој согласно член 21 и член 35 точка 12 и 13 од Статутот ја прочита Предлог-листата за членови на Извршниот одбор на Комората.

Доктор Милан Ламески од РО Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија побара збор за да пренесе информација и извештај од состанок одржан во нивниот РО. Тој истакна дека треба да се внимава на акумулација на функции и информира дека на состанокот Регионот подложил наместо д-р Весна Чемерска Попова од Кавадарци како член на ИО на СКМ да влезе д-р Даница Ангелова.

Во врска со ова претседателот на Комората истакна дека до него биле стигнати дописи од повеќе региони на Комората а меѓу кои и од РО Кавадарци, но објективно е и дека не е можно сите барања од сите региони да се имплементираат на предлог листа . Поради ова тој истакна дека дел од предлозите за членови на тела и органи од овој РО биле прифатени, а дел не. Доктор Милан Ламески, по однос на предложената листата од страна на претседателот на Комората за тела и органи на СКМ, со прашање каква во тој случај улогата на РО доколку предлозите што се доставени од регион, претседателот на Комората не ги зема предвид.

Со идентичен став како и д-р Ламески и д-р Наташа Петреска. Доктор Дафина Богеска потенцираше дека при доставување на материјалите за собраниската седница е направен пропуст, бидејќи делегатите добиле само листа со имиња за членови на органи и тела на СКМ како предлог од претседателот на Комората, но во метеријалите недостасуваат информации во смисла дали предложените колеги имаат постоечки лицнца, недостасуваат информации за нивната стручна подготвеност, колку години работат, дали се истакнати во својата професија, прифатени од колегите и сл.

Председателот Др  Маријан Денковски на ова даде објаснување дека и при самото спроведување на изборите во регионите на Комората се внимавало на запазување на сите овие податоци од CV-та на докторите. Така на пример, оние кои немале валидна лиценца ниту можеле да гласаат ниту да бидат гласани, а истото ќе се случи и по избор на сите членови на органи и тела на СКМ каде ќе има дополнителна процедура со нивно  изјаснување на докторите и  утврдување на нив ниот статус, но исто така е на мислење дека и  оние што ги предлагале сигурно ги земале сите околности во предвид при предлагањето.

Д-р Маријан Денковски објасни дека до него биле стигнати повеќе од 20-ина   имиња на колеги како предлози од региони за членови на Извршен одбор на Комората, а ИО на СКМ  брои само 11 члена. Притоа, тој објасни дека претседателот на Стоматолошката комора, согласно Статутот, е овластен да предложи листа со имиња на колеги кои ќе бидат дел од телата и органите на Комората и дека согласно највисокиот акт на Комората точно се дефинирани улогата и функцијата на претседателот на СКМ , но и улогата на регионалните одбори и никаде не стои дека истите се со ингеренција да нивните предлози се прифаќаат задолжително при предлагање на членови на органи и тела.

По ист основ д-р Драган Китановски пренесе искуство од другите комори од регионот во кои претседателите на регионите на коморите се и членови на ИО, што може да биде позитивен пример кој треба да се преземе и од македонската стоматолошка комора , по што доктор Маријан Денковски ги подсети членовите на Собранието од предходниот состав  а поготово членовите на повисоките органи и тела на предходниот состав, на пр. Извршниот дбор  дека токму претходниот состав на СКМ не сакал да да ја прифати ни за разгледување  опцијата членовите на Извршниот одбор да се бираат не само од редови на председатели на региони како што напомна Др Китановски   , туку од редовите на делегатите на Собранието на Комората за што постојат и документи.

Предлогот за членови на ИО на СКМ ставен на гласање и со 28 гласа “за” и седум воздржани Извршниот одбор на Стоматолошка комора беше изгласан.

*Врз основа на член 21 и член 35 точка 12 и 13 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија,на седницата одржана на 03.07.2018 година донесе*

*ОДЛУКА*

*избор на членови на ИО на СКМ*

*Член 1*

*На предлог на претседателот на Стоматолошка комора на Македонија за членови на Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието ги избра :*

*-Д-р. Мирилинд Селими, д-р. Весна Чемерска Попова, д-р. Борче Стојанов, д-р.Александра Табаковска, д-р.Марина Прентовска, д-р. Јован Гагалевски, д-р.Фисник Касапи, д-р. Јордан Стојановски, д-р. Димитар Малишевски, д-р. Агрон Пашоли, д-р. Арбен Асани.*

*Член 2*

*Член 2*

*Членовите на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија имаат мандат, овластувања и задолженија утврдени со Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.*

*Член 3*

*Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По изгласувањето на ИО на СКМ на гласање беше ставен Надзорниот одбор на Комората.

Д-р Дафина Богеска процедурално побара збор и потенцираше дека согласно член 21 од Статутот на СКМ, претседателот на Комрата не може да даде предлог-листа за членови на Надзорен одбор. Притоа, таа предложи да се формира Работна група која пред Собранието ќе достави предлог за членови на Надзорен одбор.

Како делегат на Собранието на СКМ, д-р Маријан Денковски даде предлог за членови на Работна група која ќе достави предлог за членови на Надзорен одбор на Комората во состав: д-р Грација Бакалчева, д-р Ана Сотировска и д-р Оливер Манасиев.

Работната група едногласно избрана.

По пет минути пауза, Работната група даде предлог до делегатите на Собранието за членови на Надзорниот одбор на Комората.

Со 33 гласа "за" и еден воздржан, Собранието го изгласа Надзорниот одбор.

*Врз основа на член 21 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија,на седницата одржана на 03.07.2018 година донесе*

*ОДЛУКА*

*избор на членови на Надзорен одбор на СКМ*

*Член 1*

*На предлог на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија за членови на Надзорен одбор на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието ги избра :*

*Д-р. Ѓорѓи Топузовски д-р. Сабетим Черкези, д-р. Зоран Целакоски, д-р. Антонио Жунгулов , д-р. Зулбеар Мемеди*

*Член 2*

*Претседателот и членовите на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија имаат мандат, овластувања и задолженија утврдени со Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.*

*Член3*

*Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

=========================================================

По ова председателот на Комoрат ги предложи преседателот и членовите на Суд на честа , Обвинителот на Комората и неговите заменици, бранителите на Комората како и председателите и членовите на постојаните комисии на Комората

По предлогот збор побара Д-р Дијана Јанкуловска од РО Тетово по што истакна дека искажува голема благодарност за укажаната чест да биде член на Судот на честа но дека таква

odgovorna функција не може да прифати., а исто така прдложеното место член на комисија ја одби и Др Ненад Ивановски од РО Гази Баба .

По изјавените неприфаќања Др Манасиев го даде предлогот на гласање по што со 32 гласа "за" и пет воздржани Собранието на Комората ги избра преседателот и членовите на Суд на честа , Обвинителот на Комората и неговите заменици, бранителите на Комората како и председателите и членовите на постојаните комисии на Комората.

*Врз основа на член 21 точка 6, 7, 8, 13, 14, 15 и член 35 точка 12 и 13 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија,на седницата одржана на 03.07.2018 година донесе*

*ОДЛУКА*

*За избор на преседателот и членовите на Суд на честа , Обвинителот на Комората и неговите заменици, бранителите на Комората како и председателите и членовите на постојаните комисии на Комората.*

*Член 1*

*На предлог на претседателот на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието за членови на комисии и тела на Комората ги избра:*

*Суд на честа*

*Д-р. Катерина Стаменковска - претседател*

*Членови : д-р. Мирјана Ангеловска, д-р. Диме Цветков, д-р. Марјан Ристевски, д-р. Методи Читкушев, д-р. Мишко Левков , д-р. Јета Лимани, д-р. Игор Џаневски, д-р. Сашко Јорданов, д-р. Фатмир Ахмети , д-р. Валмир Села , д-р. Арлинда Џељалдини, д-р. Звезда Кочов, д-р. Михајло Петровски , д-р. Емица Младеновска Спасиќ, д-р. Биљана Видоеска*

*Обвинител и заменици на обвинител*

*Обвинител –д-р. Бруно Николовски*

*Заменици на обвинител : д-р. Антонио Митевски, д-р. Фламир Хавзиу*

Бранители

д-р. Марјан Пасков , д-р. Весна Илиевска, д-р. Боби Мицевски, д-р. Весна Панова, д-р. Назми Ферати, д-р. Исмаил Јусуфи, д-р. Бранко Младеновски , д-р. Павле Јованчев

Комисија за стручни стоматолошки прашања

Д-р. Киро Папакоча - претседател

Членови: д-р. Линдихана Емини-заменик , д-р. Елизабета Ѓоргиевска, д-р. Габриела Чучкова, д-р. Амет Демири, д-р. Владо Ванковски, д-р. Грчев Александар

Комисија за економски прашања

Д-р. Зоран Нунев - претседател

Членови: д-р. Горан Мишевски, д-р. Маријана Оџакова Тилева , д-р. Кире Алексов, д-р. Артан Салиу

Комисија за статутарни и правни прашања

Д-р. Ана Генчовска - претседател

Членови: д-р. Драган Китановски, д-р. Иван Нацевски, д-р. Гоце Цветановски, д-р. Џељал Ибраими

Комисија за награди

Д-р. Драги Ристов - претседател:

Членови: д-р. Никола Матушко, д-р. Соња Роголева, д-р. Илија Чавков, д-р. Сулејман Мела

Комисија за информативно пропагандна и издавачка дејност

Д-р. Шериф Шаќири - претседател

Членови: д-р. Ивона Петрушевска, д-р. Душко Ѓурчиноски, д-р. Минур Мемишовски

Стручен надзор

Д-р. Ана Миновска - претседател

Членови: д-р. Илијана Муратовска, д-р. Јетмире Алимани Јакупи, д-р. Фросина Јовановска, д-р. Дејан Ристевски

Комисија за управување со Фондот за взаемна помош

Д-р. Фатон Бајрами - претседател

Членови : д-р. Благоја Поповски, д-р. Горан Алексов

Комисија за развој на стоматолошкиот здравствен систем

Членови: д-р. Милан Ламевски, д-р. Ѓорѓи Ников, д-р. Спасенија Ѓорѓиевска, д-р. Игор Кировски, д-р. Трајан Николов , д-р. Костадин Гетов, д-р. Вања Георгиевски, д-р. Томе Пипереввалиев

Комисија за меѓународна соработка

Д-р. Коста Изов - претседател

Членови : д-р. Ирина Трајковска Зареска, д-р. Гордана Жунгулов, д-р. Флорим Шишко, д-р. Скелќим Селими

Централна изборна комисија

Д-р. Ненад Цветановски - претседател

Членови: д-р. Александар Стојановски, д-р. Милан Нацевски, д-р. Костадин Митев, д-р. Ридван Алили

Комисија за стоматолошка етика и деонтологија

Член: д-р Елизабета Стевковска Цветковска

Член 2

Председателите и членовите на комисиите и телата на Стоматолошката комора на Македонија имаат мандат, овластувања и задолженија утврдени со Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.

Член 3

*Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

По изборот, согласно Статут на СКМ свечена изјава даде претседателот на Судот на честа, д-р Катерина Стаменковска., по што веднаш побара збор и ги предложи кандидати за Првостепен судски совет и Второстепен судски совет.

Со 29 гласа "за" и 10 воздражани, беа избраничленови на прв и втор степен на Судот на честа.

*Врз основа на член 42 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија на седницата одржана на 03.07.2018 година донесе*

*ОДЛУКА*

*избор на Првостепен судски совет и Второстепен судски совет Суд на честа на Коморат*

*Член 1*

*На предлог на Претседателот на Судот на честа на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието за членови на Првостепен судски совет и Второстепен судски совет на Комората ги избра:*

*Член 2*

*Председателите и членовите на Првостепен судски совет и Вторстепен судски совет на Стоматолошката комора на Македонија имаат мандат, овластувања и задолженија утврдени со Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.*

*Член 3*

*Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

По изборот на членовите на телата и органите на СКМ Др Мансиев ја продолжи седницата по дневниот ред по што даде збор на председателот на СКМ. Претседателот на Комората им го

честиташе изборот на сите колеги и им пожела успешна работа и добра меѓусебна соработка , по што поднесе извештај за сработеното откако е тој председател во изминатиот еден месец

Како што потенцираше д-р Денковски, во изминатиот месец, по неговиот избор за претседател на СКМ, и покрај настанатата ситуација, се сработени битни нешта за Комората:

Претседателот на СКМ акцентираше дека Комората е во добра финансиска кондиција благодараение на доброто и домаќинско работење на предходниот сотав и дека сите задоцнети исплати се исплатени со што Коморат во момент нема неисплатени долгови. Поради изборите кои се одвиваа премногу време т.е над 6-7 месеци и познатата опструкцијата од страна на групата делегати од составот на Собранието која се одрази и на работата на Собранието , но и на Комората многу кандидати чекале за полагање на стручен испит со месеци, но и со полагање на испитите за проверка на знаење и дека и овој дел од обврските на СКМ е спороведен од крајот на јуни до почетокот на тековниот месец и ќе продолжи согласно утврдената динамика додека има кандидати .Председателот се заблагодари на д-р Дафина Богеска во името на над 150 доктори –колеги што останала и ги прифатила молбите од него како председател , но и молбите од страна на Др Стојанов и Др Нунев да го направи кворумот на минатата собраниска седница за изгласување на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија, бидејќи колегите кои совесно ги доставиле документите за обнова на своите работни лиценци согласно законските и подзаконските норми, поради несериозноста на Собранието на Комората не можеле да се стекнат со лиценца од февруар-март годинава , а и Комората не можела да им даде одговор согласно законските прописи.

Одржани се неколку средби со колеги специјалисти и тоа и со представници на оние кои немаат договори со ФЗОМ , како и со представници на оние кои имаат . Средбите беа одржувани пооделно со представници на двете групи , но имаже и неколку заеднички средби на кои се започна со разговори за заедничка листа на барања која во иднина ќе го реши статусот за сите поденакво. Исто така со двете групи е одржан состанокк пооделно и со министерот за здравство од каде е и заклучок дека треба заедничкиот интерес да се најде во рамките на коморските тела и органи по што ќе се настапи пред институциите. Претседателот на СКМ истакна дека се договорени средби со Министерот за здравство и дека ќе се договорат состаноци и со Фондот за здравство на кои ќе се дискутира за проблемите кои ги засегаат докторите по стоматологија и од примарно и од секундарно и терцијално ниво. Понатаму Д-р Маријан Денковски истакна дека освен со Министерството се договорени средби и со Лекраска комора и Фармацевтска комора, а

дека во најава е и заедничка средба и со Комисијата за здравство на Собранието на РМ каде приоритетни теми на средбите со ресорното Министерство, коморите и парламентарната Комисија за здравство се Законот за здравствена заштита и Законот за стоматолошка односно докторска и фармацевстка дејност.

На меѓународен план, Стоматолошката комора на Македонија веќе има реализирано присуство на првиот политичкиот форум на комори што се има одржано во Република Бугарија на кои присуствувале македоската, бугарската, хрватската и германската комора на кои е дискутирано за идното членство на Стоматолошката комора на Македонија во меѓународните сродни асоцијации како што се CED и ERO , како и подготвување на Комората за идните пристапни преговори при отварање на поглавјата поврзани со здравствената регулатива пред влез на РМ во ЕУ.Исто така Др Денковски истакна дека има постојана комункација со членките на К4 , како и со српската, црногорската и комората на стоматолози на Република српска .

На прашањата од делегатите во врска со овие активности, претседателот на Комората потенцираше дека првите средби со Министерството, коморите и другите сродни институции се на ниво на запознавање и пренесување на некои основни начела битни за стоматолошката фелата, а дека конкретни состаноци следуваат по изборите на органите и телата и откако ќе се направат работните групи за разговори и преговори. По однос на прашањето дали делегатите ќе имаат информација за што Комората преговара и што се одлучува, претседателот на СКМ истакна дека сите преговори ќе се прават во координација со Собранието, а делегатите, освен што активно ќе учествуваат во креирањето на барањата и давањето на решенија, ќе имаат задача сите информации да им ги пренесат на своите колеги на состаноците на одборите и истовремено најави чести средби на раковотството со регионалните одбор на кои ќе се разговара за сите тековни работи што ги засегаат колегите.

Одкако се исцрпе дневниот ред на седницата председателот на Собрание Др Оливер Манасиев постави консултативно прашање дали делегатите се сложуваат поради многу изгубено време од различни причини по пауза од некоја минута да започне и првата редовна седница на Собранието на Комората. По прашање на Др Наташа Петреска дали тоа значи дека ќе бидат исплатени и две дневници за две седници Др Денковски одговори дека е невкусно и некултурно прашањето и дека и поради тоа што се исплатени трошоците и за предходниот дел од конститутивната седница и на делегати кои и не беа на неа , така да за денешните две ќе се исплати една дневница и едни патни трошоци.

По ова со заклучок дека ќе се продолжи со прва седница на Собранието Др Манасиев ја затвори конститутивната седница.

**Дневен ред на Првата собраниска седница**

На седницата присуствуваа 39 делегати на Собранието на Комората

1.Разгледување за отворање на сметка за солидарна помош

2.Дефинирање на висина на сумата за потсметки за работа на РО на СКМ

3.Носење на одлука за измена на Статут на СКМ

4.Разно

Со 27 гласа "за", девет воздржани Предлог-дневниот ред на Првата седница на Собранието на Комората беше изгласан и стана Дневен ред на седницата.

Во продолжение, Собранието расправаше по точките од дневниот ред на првата седница на Собранието.

На почеток на седницата Др Манасиев даде збор на Др Денковски Маријан кој се заблагодари за разбирање на делегатите и за отпочнување на првата седница .Тој појасни дека потребата за ова е од практични причини за целокупното членство бидејќи на конститутивната седница помеѓу другото е изгласана и Комисијата за взаемна помош.Таа комисија иако е статутарна подолго време никогаш не се формира и не заживеа и затоа му е посебно задоволство што сега ќе се стави во статутарна рамка помошта која некогаш е повеќе од потребна за членовите на Комората.Тој појасни одговарајќи и на прашања на делегати дека за оваа комисија досега немало ни деловник за работа , ниту пак Правилник за доделување на солидарната ,взаемната помош. По ова побара од пресдедателот на Собранието да се отвори расправа за неколку работи , и тоа:

-за отварање на посебна , наменска сметка која ќе постои исклучиво за функционирање на комисијата

-за висина за средства кои ќе се извојуваат за потребите на фондот за взаемна помош, односно дали ќе се реафирмира една дамнешна одлука кога на висината на членарина од 1200,00 денари се додавaа по 300,00 денари за солидарна помош и која сума постепено се претвори во висина на членарина без средства за фонд.

По отворањето на дискусијата и по кратко појаснување се донесе едногласна одлука од сите присутни делегати за отварање на посебна , наменска сметка од која ќе може да се користат средства само со врзани потписи на преседателот на Коморат и председателот на комисијата за взаемна помош и од која не смееат да се користат парите за други намени, како и да од секоја членарина во висина од 300,00 денари се пренасочуваат на таа сметка со почеток од денот на носење на одлуката.

Врз основа на член 21 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија на својата прва седницата одржана на 03.07.2018 година донесе

ОДЛУКА

Член 1

За потребите на формирање на Фонд за взаемна помош се дефинира износ од 300 денари од секоја уплатена членарина од денот на носење на оваа одлука да биде наменет на посебна , наменска сметка .

Член 2

Наменската сметка ќе се отвори согласно оваа одлука и ќе се користи исклучиво за прибирање на средства за взаемна помош и нивно користење согласно Правилникот за взаемна помош.

Член 3

Средствата од наменската сметка ќе се користат исклучиво со врзани потписи на председателот на Комората и председателот на Комисија за взаемна помош.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

По однос на втора точка Др Денковски појасни дека праксата која постоела до некаде 2010 година за доделување на средства на Регионални одбори согласно Статут би требало да се реафирмира. Тој ги информира присутните за методот како било порано по што се отвори дискусија . Присутните делегати се согласија да веќе постоечка одлука од минатото за висина на средства од 10% од членарина остане на сила . На ова за збор се јави Др Фисник Касапи кој истакна дека во моментот тоа би било погрешно бидејќи сеуште регионалните одбори не успајаа да ги ажурираа списоците за свои членови и тоаисплаќање не би било реално. На ова се надоврза Др Денковски кој информира дека една од заложбите е да докторите сами преку веб страна ќе може да си ги ажурираат сопствените податоци и дека се надева дека страната ќе го овозможува тоа од септември . Н аова пак за збор се јави Др Касапи и предложи да се донесе одлуката за средства за РО , но со почеток на примена од 01.01.2019 година што собранието едногласно ја прифати во целост.

По однос на третата точка Др Манасиев образложи дека е практично , а и согласно Статут да се днесе одлука на Собрание за измена и дополна на Статут на предлог на председателот на Комората. Председателот на Комората го образложи предлогот и појасни дека оваа е најрегуларен начин за промени на Статутот и дека тоа не значи дека истиот ќе се менува во скоро време туку дека во статутарна комисија ќе се отвори расправа по него .

По ова Собранието едногласо донесе одлука по однос на предлогот на председателот .

Врз основа на член 81 став 1 точка 1 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија на својата прва седницата одржана на 03.07.2018 година донесе

ОДЛУКА

Член 1

Согласно потребите за работа на органите, телата и комисиите на Комората, отстранување на сите недоречености или контрадикторности помеѓу највисокиот акт и

подзаконските акти, како и во функција на усогласување на Статутот со најавените измени на Законот за здравствена заштита и други позитивни законски прописи , се донесе одлука за измени и дополнувања на Статутот на Стоматолошка комора на Македонија

.Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Под точка разно од делегатот Ана Генчовска Доленц призлезе предлогот дека дневница за присуство и работа во Собранието на СКОМ од 700,00 денари е ниска и даде предлог до ИО на СКМ да истата се покачи од 700,00 на 1000,00 денари.

Со тоа дневниот ред се исцрпе и Др Манасиев ја затвори седницата .

Записничар
Јасминка М. Јанева

Претседател на Собрание на СКМ
Д-р Оливер Манасиев